**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Шестото продолжение на Тринаесеттата седница**
**на Собранието на Република Македонија, одржана**
**на 1 април 2003 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја отворам Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ганка Самоилова-Цветановска, Марија Којзеклиска, Елеонора Петрова-Митевска, Неждет Мустафа и Љубе Бошкобски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по **точката 22 - Предлог за донесување на закон за вработување и осигурување во случај на невработеност**.

Збор има Тасев Орданчо. (Не е тука).

Господинот Чедомир Краљевски. (Не е тука).

Господинот Љубе Бошковски. (Тој е пријавен дека ќе биде отсутен).

Господинот Жарко Караџоски. (Мислам дека веќе дискутираше).

За збор се јави господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, незнам кого да поздравам од страна на Владата, бидејќи столиците се празни. Најнапред, денес треба да разговараме, да дебатираме за еден многу значаен закон, меѓутоа, би сакал да

.-

искажам незадоволство, затоа што ниеден претставник на Владата не е присутен во овој момент кога се предлага еден закон за Република Македонија од страна на еден предлагач, кој има право, уставно право да предлага закон, затоа што тој е пратеник. Токму поради тоа кога еден пратеник е предлагачна закон, мислам дека Владата, претставниците на Владата кои припаѓаат на оваа област во најмала рака треба да бидат присутни тука и да се соочат со тоа што еден пратеник смета, дека еден претставник на народот смета дека треба да биде закон.

Ова нека биде сериозен апел и до Владата, да го почитува дигнитетот на Парламентот и на пратениците и да доаѓаат нејзини претставници кога има закон. Мислам дека еден ваков приод на Владата е на штета на одржувањето на позицијата на Парламентот, кој треба да ја контролира Владата и се надевам дека ме слушаат и треба да покажат барем малку почит кон институцијата Парламент и пратеник. Со оглед на фактот дека една од целите на овие парламенти, имајќи предвид дека поранечните парламенти беа доминирани од Владата, значи, треба да се врати улогата на Парламентот како законодавен орган. Ова е еден апел на почетокот на оваа седница и пратениците треба да бидат поактивни и грижите на својот електорат да ги донесат тука во форма на Предлог-закон. Мислам дека овој закон претставува еден закон кој припаѓа на една многу значајна област. Се работи за судбината на вработените од фирмите загубари, таканаречени загубари, и свесни сме за гласањето на овој закон дека само со еден ваков закон, кој што се однесува на една категорија поранешни односно вработени на овие големи фирми, се работи за голем број вработени, што значи со еден закон нема да може да се реши суштински проблемот. Тоа е факт. Значи, со третирање на една категорија на вработените треба да следат и други закони и други инекции од страна на Владата, со цел овие големи компании, во најмала рака да се обидат да бидат рестартирани. Меѓутоа, исто така тука доаѓа предвид и потпишувањето на разни договори на СДС со Синдикатот. Сите бевме сведоци и свесни и мислевме дека позадината на СДС како партија со централно лева ориентација, ќе го земе предвид тоа што го вети во текот на кампањата, на предизборната кампања и сигурно мислевме дека во најмала рака дека за една категорија која е доста засегната во оваа сиромаштија, СДС ќе пушти еден пакет таканаречен социјално работнички пакет, за да ја згрижи оваа категорија вработени, а меѓувреме ќе преземе рапидни мерки за рестартирање на овие големи капацитети, каде што голем број на вработени работници ги загубија своите работни места. Меѓутоа, за жал, констатирав дека во ниедна насока не се прави нешто големо, некоја поголема реформа, некоја поголема инекција, која што

ќе ме увереше дека навистина многу сериозно се размислува овие капацитети да се рестартираат или да се приватизираат. Значи, не гледам некое големо движење од страна на Владата, со голема сериозност да изнајде партнери или стретешки партнери надворешни фирми, надворешни компании, кои во најмала рака ќе ги држеа во живот некои од овие капацитети. Ни од тој аспект, ни од аспект на исполнување на ветувањата кон оваа категорија на вработени, не беа одржани овие ветувања и да се донесе закон за овие компании загубари.

Сигурно, предлагачот, значи, пратеникот го чувствува тоа и поаѓајќи од овие аргументи кога гледаме дека Владата останува настрана и се обидува овој проблем да го сокрие, на многу одговорен начин пратеникот му приоѓа на овој проблем и сака ова прашање кое што ги тангира многу вработени и кај многу семејства кои зависат од овој закон сакаат да ја поттикнат Владата да размислува во насока, било за судбината на овие компании и за тие граѓани. Меѓутоа, за жал, еве од страна на Владата, каде што би требало да седи Владата, ниеден претставник од Владата нема во најмала рака да ги брани ставовите на оваа категорија на вработени.

Јас не би влегол во техникиот аспект на законот, меѓутоа, само на чувствителноста на прашањето, имајќи приоритет дека за овој закон се говореше многу, со овој закон донекаде се прави обид да се намали проблемот на овие работници, па затоа ДПА ќе гласа за овој закон и со надеж дека Владата од овој аспект ќе биде поефикасна, ќе се разбуди во однос на решавањето на многуте проблеми со кои се соочуваат оваа категорија на работници.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Кондарко, реплика.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам претседателе.

Само накратко, јас се надевам дека господинот Дика има поголемо парламентарно искуство и би требало со оглед на тоа добро да ги познава одредбите од Деловникот на Собранието. Имено, кога овластен предлагач е друг според Уставот, освен Владата, претставници на Владата немаат никаква обврска да присуствуваат во моментот кога се расправа по таа точка на дневен ред. Така што, да не манипулира и да биде јасно во јавноста дека Владата по оваа точка апсолутно нема деловничка обврска да биде присутна на седницата на Собранието,

.-

туку за тоа е овластен самиот предлагач на точката на дневниот ред. Конкретно, тоа е пратеникот Слободан Даневски. Исто така, беше спомнато во дискусијата од страна на господинот Дика дека СДС склучувал наводни договори со Синдикатот и ова сакам да го демантирам како неточно, бидејќи СДСМ како партнер никогаш ниту треба, ниту може, ниту е добро да склучува договори со Синдикатот. Така, мислам дека ова е некоректно од страна на господинот Дика.

Исто така и една процедурална забелешка, говорникот не говореше по точката на дневниот ред, туку се осврна на некои други работи за кои требаше вие како претседател да му обрнете внимание во текот на дискусијата.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Забелешката до претседателот не ви ја прифаќам. Господинот Замир Дика зборуваше за проблемот што е на дневен ред.

Господинот Дика реплика.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседател што ме поддржавте како пратеник на опозицијата, а кои често ги критикувате без право. Благодарам што тука го одбранивте Деловникот.

Што се однесува до прашањето на моето искуство, колегата треба да го почитува тоа искуство и да знае дека јас сум сосема свесен за Деловникот на работа и за Уставот и ги познавам и токму поради тоа јас го кренав мојот глас и повикав на одговорност односно направив апел за одговорност на Владата кон Парламентот и кон пратеникот. Вие имате право дека Владата никогаш нема одговорност тука да донесе свој претставник, кога некој пратеник предлага закон, особено од опозицијата. А, вие, доколку како пратеник мислите дека ова е добар пристап на Владата при предлагање на ваков закон од страна на пратеник, а од друга страна Владата има средства за реализација на такви закони, доколку вие мислите дека не треба Владата никогаш да доаѓа кога пратениците предлагаат закон, тогаш тоа нека остане ваше право, а граѓаните нека бидат тие што ќе пресудат дали е тоа така добро.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Накратко сакам да ја искажам мојата поддршка за овој Предлог-закон, односно поддршката која произлегува од фактот дека во целиот овој период до сега Владата јасно кажа дека нема намера да постави услов при продажбата на овие фирми загубари, што се однесува на задржување на одреден број на вработени, кои се наоѓаат сега на своите работни места во овие фирми, во однос на како услов за продажба во тенденрската документација. Сметам дека тоа претставува една навистина чудна одлука на Владата, затоа што, ако ништо друго, тогаш партиите кои што се сега на влас постојано ја критикуваа во претходниот период Владата на Георгиевски во смисла на тоа дека мал број биле на луѓето кои биле задржани на работа, кога зборуваме за ФЕНИ, кога зборуваме за ЈУГОХРОМ, од Јегуновце и тн. Сметам дека чувството за заштита на вработените во овие фирми треба да проработи и треба да почне да се размислува во насока на внесување како услов во тендерската документација на задржување на одреден број на вработени во овие фирми, што ќе биде неопходен услов при нивната продажба. Тоа е она што навистина е неопходно во овој момент.

Од друга страна сакам да кажам дека во долг временски период station наназад овие фирми се соочуваат со тешки проблеми. Нивната состојба, која што е во овој момент, не се должи на претходните два или три или четири години, туку сигурно тоа се однесува на еден подолг временски период од пет и повеќе години наназад, од 1994 година, од 1995 година, па наваму. Тука, пред се, можам да истакнам како една од фирмите загубари, а тоа е фирмата Микрон од Прилеп, која што работеше мошне успешно во еден период наназад, со тоа што претставуваше еден од единствените субјекти кои се занимаваат со тој вид на дејности. Меѓутоа, како последица на негативната економска политика, која што доведе до уништување на голем број на фирми во Република Македонија и Микрон ги почувствува последиците од таа политика. Особено, од политиката на високи каматни стапки кои што го оневозможија работењето преку користење на обртниот капитал односно го разјадоа обртниот капитал на оваа фирма, како и на фирмите на останатите фирми во Република Македонија. Начинот на приватизација на овие фирми, почнувањето на

.-

процесот на приватизација, кој што не доведе до ефектуирање на овие фирми, се создаде еден голем број на компании кои што не успеаа да излезат од состојбата во која што се наоѓаат, односно да тргнат во еден профитабилен напредок.

Сметам дека кога се работи за вработените во овие фирми, треба да се има предвид дека тие претставуваат лица, граѓани на Република Македонија кои што имаат повеќегодишен стаж, а она што се предлага со овој закон е да добијат право на надомест оние кои што имаат над 25 години работен стаж. Аргументите кои што беа слушнати во текот на дискусиите по Бранковиот закон и по останатите закони од социјалната сфера, кои што ги разгледувавме во претходните неколку денови дека навистина треба да се води смета за вработување на овие лица односно за вработување на работниците од фирмите загубари и за стечајните случаи, сметам дека треба да биде предвид и аргументација и во овој случај, односно лицата кои работат во овие фирми загубари да можат да добијат право да користат надомест до пензионирање и до нивно повторно вработување. Тоа сигурно во овој момент нема да го прифати Владата, како што јавно беше кажано, меѓутоа, не е доцна Владата да го преиспита овој свој став, затоа што навистина не е во ред едно да се ветува пред избори и тоа да се користи како политики маркетинг, а потоа откако ќе се дојде на власт да се зборува нешто друго. Доколку, не еможно да се донесе еден ваков закон, тогаш на кој начин ќе бидат згрижени овие луѓе. Дали некој размислува дека во овој период, еве веќе денес читгаме во сите весници на сите насловни страни дека поскапува водата, ѓубретарината, греењето, поскапуваат лековите. Значи, она што го зборувавме при донесувањето на измените на Законот за додадена вредност со покачување на повластените стапки од 5 на 18%, најмногу ќе се одрази на лицата кои што остануваат без работа со решавањето на судбината на овие загубари. Значи, апсолутно овие лица остануваат на улица без никаква заштита од страна на државата. Напротив, со измените на законите во претходните неколку дена, се намалуваа и оние права кои што ги имаа порано односно се намалува бројот на плати кои ги примаа на име надомест при прогласување на технолошки вишок, а тоа се наместо две години една плата, сега е три години една плата и наместо 12 плати максимум, сега е 8 плати. Ако се вратиме station наназад ќе видиме дека во едне период се исплаќаа и 24 плати на лицата кои одеа како технолошки вишок од фирмите кои што ги отпуштаа како технолошки вишок или од фирмите кои се наоѓаа во тешка финансиска состојба и мораа поради превработеност да отпуштаат вработени.

.-

Долговите на овие фирми, акои ги видиме колкави се, ќе видиме дека ситуацијата која што ја имаме денес е резултат, навистина, на еден долгорочен негативен тренд на нивно работење. Долговите претежно се кон Агенцијата за санација на банки што претставува државна институција, јавните претпријатија, банките, фондовите и вработените. Начинот на намирување на овие побарувања при стечајните постапки кои што се најавени, исто така, треба да се има предвид, да се направат соодветни законски измени или да се реагира на соодветен начин во таа насока во смисла на приоритетно намирување на побарувањата на име на неисплатени плати и придонеси од страна на вработените во фирмите загубари, кои ќе останат без работа, односно да имаат приоритет при наплатата на своите побарувања на име плати и надоместоци од плати. Исто така, тука треба да се најде решение за пензискиот стаж, бидејќи кога се зборува за овие фирми треба да ни биде јасно дека пензискиот стаж долг период не им е платен, а тие за тој период нема да имаат признат стаж, доколку не се реши тоа прашање. Значи, грижата за граѓаните на Република Македонија, посебно на оваа група на граѓани кои што претставуваат значителен дел од македонската популација, треба да биде насочена во повеќе насоки, а една од насоките со која што ќе покажеме дека имаме намера да ги решиме и останатите проблеми на овие лица, ќе биде и поддршката што треба да ја дадеме на овој предложен закон.Сметам дека  кога се има предвид бројката на фирмите, кога се има предвид и бројот на вработени во овие фирми кои остануваат без работа и начинот на кој што треба да се реши нивната судбина, дека овде апсолутно не може да стане збор за почитување на социјалниот аспект, на проблемот, на уставната одредба за градење на социјална држава. И, со фактот што Готекс од Гостивар, Фринко, Хемтекс, Техника Нокатекс, Микрон - Прилеп, МЗТ - ФАМ, Карпош - Ткајачница и на тој список сега се наоѓаат како што слушаме и “Нова Македонија” , Македонка-Ткаенини, Македонка - Предилница, рудниците САСА, Злетово, Тораница, кои ќе се продаваат во пакет со Велешката топилница, а за нивната продажба веќе е децидно утврдено дека нема почетна цена односно онолку колку што ќе се понуди најмнгогу, толку ќе биде и цената за продажба на овие претпријатија. Сметам дека, барем еден од оние услови мора да биде прифатен, односно или приоритет при намирувањето на неисплатените плати на вработените. Второ,  начин на решавање на неисплатените придонеси за пензиско, инфалидско и здравствено осигурување на вработените кај овие фирми. Трето, еден од условите во тендерите за нивна продажба да биде задржување на работа на определен број

.-

на вработени кои се неопходно потребни за продолжување на процесот на производство на овие фирми.

Сметам дека Парламентот и ние како пратеници имаме чувство за лицата кои остануваат без работа по овој основ. Сметам дека СДС сеуште го држи сеќавањето за она што го ветуваше на овие лица. Сметам дека Синдикатот треба да преземе соодветни активности во смисла на заштита на овие граѓани и сите заедно да придонесеме за надминување на оваа тешка ситуација, за која што никој од нив не е виновен во однос на доаѓањето до такви последици.

На крајот, скам да апелирам до сите нас тука да го поддржиме овој закон, да го поддржиме предлогот на господинот Даневски, колегата пратеник и да го поддржиме ублажувањето на тешката состојба во која што ќе се најдат лицата кои што ќе останат без работа од овие фирми.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Морам да ви признаам дека јас немав намера да дискутирам денес по овој закон, меѓутоа,ророштвото што Владата на Република Македонијачера го изнесе предлагачот на овој закон ме заинтигрира да прочепкам по материјалите во врска со дискусиите на пратениците од минатиот состав по овој закон и решив и јас да дадам некое видување или да направам една паралела меѓу она што тогаш се зборуваше во однос на овој закон од тогашната опозиција, а сегашната власт и заклучокот од таа паралела оставам да го извлече јавноста во Република Македонија и самите пратеници во овој Парламент.

Имено, ако се споредат сите дејствија во однос на овој предлог на закон на колегата Слободан Даневски тогаш и сега, се доаѓа до еден заклучок. И тогаш и сега предлагачот е ист, тоа е колегата Слободан Даневски. И тогаш и сега имаме дискусии во однос на овој закон, меѓутоа, за разлика од тогаШ сегашните дискусии се однесуваат точно на материјална расправа на овој предлог на закон. Ако се сеќаваме добро, тогаш имаше дискусии само на тоа дали точката беше ставена на дневен ред  на 104-та седница на Собранието да биде на место број 19 или требаШе да се префрли точка од дневен ред. Аргументите за префрлувањето на точката од бр. 19 на бр. 1, тогаш беа дека пред Собранието имаме насобрани луѓе кои се

отпуштени од работа од т.н. фирми загубари, а на кои луѓе се однесува тој предлог на закон.

Не би ве заморувал сега со цитати од стенографските белешки на тогашните дискусии, меѓутоа, оние што се заинтересирани можам да ги упатам на следните страници од стенографските белешки, на страница 1, каде што зборува тогашниот претседавач на таа седница госпдоинот Оломан Сулејмани, на стр. 2, Александар Гештаковски како претседател на Комисијата за труд и социјална политика тогаш, потоа на страна 4 и 5 повторно дискусијата на Гештаковски. Тоа се однесува на првото продолжение на седницата. На самата седница на стр. 26 и 80 господинот Ѓорѓи Спасов, на третото продолжение повторно Гештаковски, Чифлиганец, Илија Иловски, Благој Стојковски, Љупчо Поповски, Никола Поповски, Тито Петковски во еден мномент и т.н.  Сите тие дискусии може да се сублимираат во една насока. Имено, дискутантите тогаш инсистираа да се расправа по оваа точка, да се префрли точката од 19-та на 1-ва точка и да се задоволи барањето на насобраните, тогаш отпуштени или невработени од фирмите загубари. Значи, со еден збор, да се усвои овој Предлог на закон на колегата Слободан Даневски.

Сега, за разлика од тогаш имаме веЌе апсолвирана ситуација барем по тоа прашање дека дојдовме до моментот да расправаме за овој закон. Тогаш не дојдовме до тоа да расправаме за тој закон и да имаме материјална расправа, меѓутоа, сега дојдовме. Има една стара турска поговорка “Гидер вар, гидер вар”, дојде вистината да излезе на површина. Еве сега прилика за преставниците на сегашната позиција, тогашна опозиција да го дадат својот придонес за решавањето на овој горлив проблем што се однесува на невработените од фирмите загубари и овој закон да биде изгласан. И тогаш зргументацијата на тогашната опозиција беше дека нема да се издвојат големи средства од Буџетот, а ако веќе сега се повикуваме дека Буџетот е донесен, има механизам, а тоа е ребаланс на буџетот, па може да се предвидат тие тогашни 4 милиони евра што се предвидува за решавање на овој проблем, да се надоместат со ребаланс на буџетот и оваа категорија на граѓани во Република Македонија да биде задоволена, односно, како што вчера напомна пратеникот Љупчо Јордановски, да се чувствуваме барем малку среќни затоа што не на еден туку 4.000 или 7.000 луѓе, сега не ја знам точно бројката, ќе ги направиме среќни во Република Македонија, тие да се чувствуваат како дел од ова општество и да почувствуваат дека институциите на власта во Република Македонија водат сметка за сите граѓани во Република Македонија , вклучувајќи ги и овие невработени од фирмите загубари.

.-

Повелете сега, господа од позицијата, дојде прилика да се расправа и да се одлучува по овој Предлог на закон на господинот Слободан Даневски, придружете ни се нам, сегашнава опозиција. Нашиот став го кажавме јасно, позитивно ќе се определиме во однос на овој предлог на закон, ќе дадеме прилог, би рекол хуманитарен прилог, од хуман аспект. Повторно да го цитирам господинот Љупчо Јордановски, да им помогнеме на овие луѓе. Вие сте сега на потез, во ваши раце е зеленото копче и придружете ни се, без оглед на тоа што Владата и тогаш и сега пројави негативен став во однос на овој Предлог на закон. Меѓутоа, сите закони се донесуваат во овој собраниски дом и на тој начин да помогнеме на оваа категорија граѓани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Кралевски.

Реплика ли баравте? (Му се обраќа на пратеникот Љупчо Јордановски).

Вчера дискутиравте по законот.

Има збор господинот Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине претседателе, сега имаме и претставник на Влада, до душе по другиот закон, така што и тој услов е исполнет.

По овој закон вчера не дискутирав, дискутирав по Законот за поттикнување на вработувањето. Но и претходно бев спомнат, а и сега неколку пати бев спомнат, па бидејќи сметам дека три минути реплика е малку време за да се кажат некои работи, затоа се пријавив сега да го кажам она што мислам дека треба да се каже.

И сега мислам дека било кој закон кој што ќе направи среќен барем еден човек во оваа држава е добар закон. Самите закони се донесуваат малку подолгорочно. Всушност, министерот Манасијевски кажа една голема вистина во врска со синдикатите, а тоа е дека Синдикатот можеби размислува за 200 илјади членови, ако ги има и толку, а оваа Влада и Парламентот треба да размислуваат за 2 милиони. Решенијата кои можеби навидум изгледаат доста атрактивни, на долги стази може да бидат и доста штетни, да неречам погубни и тука можеме да дадеме голем број примери и во времето до 1998, а посебно во ова време од 1998 до 2002 година, каде што решенија со кои решава некој акутен проблем или можеби задоволува некои политички ветувања, после се покажаа катастрофални.

.-

Знам дека ова парламентарно мнозинство што сега, претходно го бранеше овој закон, бидејќи тоа е главна поента на опозицијата сега во врска со повикувањето да се присетиме. Главната поента беше тогаш дека има пари. Но да се потсетиме дека тие пари кои постоеа пред изборите, после изборите ги немаше. Се потрошија сијасет пари за изборите, за непродуктивно вработување, така што оваа Влада мораше да излезе со еден ребаланс, каде што требаше да се затворат одредени дупки, одредени задолжувања, за да може да функционира самата власт.

Инаку, да не даваме примери кои можеби се фино прифатливи и може да легнат на уво на секој обичен граѓанин, затоа што секоја посериозна анализа може да покаже дека такви примери всушност и не се примери. Вчера пратеникот Груевски во врска со расправата за поттикнување на вработувањето, а и сите други од опозицијата, кажаа примери дека тој закон може да се злоупотребува. Тоа може да го користат овој закон, со примерот од типот дека ќе се отпуштат, некој работодавец ќе формира нова фирма, ќе ги отпушти сегашните  вработени и ќе ги вработи сега. Но екс министерот Груевски не кажува дека истото тоа може да го направат сите други работодавци.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе ве молам, само на точката на дневен ред да се концентрирате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, прифаќам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

10 МИНУТИ ЗБОРУВАТЕ ЗА ДРУГ ЗАКОН.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас само одговарам на одредени дискусии овде, бидејќи 3 минути реплика мислам дека е малку. Ако нас некој не убедува дека вршимеполитичка демагогија... Или пак повикот од еден пратеник синдикатот малку да размисли, тоа е директно инволвирање на синдикатот во одлуките на Собранието или пак во политичките активности.

Во таа смисла, ќе завршам сметам дека не е на место да се дискутира посебно, посебно да се дискутира за закони кои моњеа да бидат реализирани во претходниот мандат, а сега се скудира за тие закони кога оваа Влада има само 4 до 6 месеци работа.

.-

Уште еднаш Ќе спомнам, оваа Влада ќе биде повикана на одговорност после 4 години. Тогаш можеме да ги мериме нејзините резултати.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министер,

Би направил едно резиме. Да не се разбереме погрешно, јас не појдов од позиција дека овој законски проект кој го предложив јас како предлагач од име на позиција или од име на опозиција. Сите сме свесни дека овој проблем стои како отворено прашање и онаа категорија на граѓани кои од време на транзиција, од време на промена на плурализмот во повеќепартиски систем, од економски или политички мерки или знаењ - незнаење, дојде до тоа да останат луѓето на улица. Сведоци сме дека многу фирми, 25 или сега 39 се прогласени како фирми загубари, масата од луѓето буквално е на улица. Што стои како голем проблем тука? Проблемот е што оваа категорија граѓани е во зрели години, меѓу 40 и 50 години. Другата работ ашто загрижува е што голем дел од нив работи на такви работни места и тешко може да се преквалификуваат. Работат во рудниците, во индустријата и на тешки работни места. Да кажам посебно за женската работна сила која работи во текстилната индустрија, каде што условите за работа се тешки и луѓето се полуинвалиди.

Од тие причини и оваа моја иницијатива, Владата да размисли, да се најде решение за овој преоден период. Не може оние кои се корисници на социјална помош да примаат помош 1.000 денари. Едно семејство во Македонија не може да преживее со 1.000 денари. Ова е едно од тие барања или услови кои се ставени во самиот законски проект.

Друга работа е, правото на користење парична помош да не биде под оној минимум, 50% да биде основицата, односно 65% од просечната плата во Република Македонија. Ова се две работи во самиот законски проект. Она што со години го слушавме во Собранието, паѓа онаа маска дека ММФ и Светската банка ни определува курс на движење, не дисциплинираат и т.н. Не е така. Падна во вода целата филозофија, затоа што ние сме тие во Република Македонија, односно Владата и Парламентот кои можеме да направиме секаква распределба на парите во Буџетот. Тие 52 милијарди денари по основ на секоја ставка или позиција, со било

.-

која одлука по барање на Владата или Собранието можеме да ги распределуваме парите, што значи дека опаѓа таа филозофија. Оваа прикаска ја слушавме во минатиот состав, минатата Влада кажуваше дека не може заради ММФ и Светската банка тоа да го направи бидејки ќе дојде во прашање аранжманот. Тие прашања не држат.

Најбитната работа, нека биде еден потег повеќе, еден импулс повеќе на Владата, да се забрза со рестартирање ако е можно или со дел на приватизацијата, а не да правиме непотребни анализи и она што е приватизирано да го вратиме на нула, да правиме штрајкови во цела Македонија. Не треба да биде иницијатор ни Владата ни Парламентот, преку одредени категории на граѓани кои работат во една или друга функција да ја ставиме цела Македонија во штрајк. Носиме многу лошимиџ, и така знаеме каква е состојбата и во економијата и во политиката и во она што значи безбедност во Република Македонија. Не слушнавме дека во овие услови некој странски инвеститор би дошол да инвестира. Не слушнавме дека се јавил некој стратешки партнер. На преиспитување се фирмите кои би се продавале во наредниот период, затоа што приватизацијата што е започната од 1990 година во времето на Анте Марковиќ слушнавме од многу добри оратори, говорници, па и познавачи на економијата дека ние во Македонија можеме да ги дадеме фирмите и за 1 германска марка. Но што се случува? Во овој временски период, ако една фирма се приватизираше, постоеше сомневање дека е сомнителна приватизација и е направен грабеж. И што се случува? Проблемите се мултиципираат, а граѓаните остануваат на улица. Додека се расправаат политичките апртии кој да биде на превласт, која фирма да преовладува, една, друга или трета политичка партија, имаме маса на луѓе кои стојат надвор и стануваат социјалци.

Целата држава ни стана социјална држава.

Овие законски мерки што ги предлага Владата за поттикнување на ново вработување, бидејќи овој закон веќе сме го изгласале и тој е веќе во функција, јас би бил најсреќниот човек ако тој ги даде позитивните ефекти до 31.12.2003 година.

Еден од дискутантите спомна дека овој закон како мерка е со времен карактер. Исто современ карактер е и оној со поттикнување за ново вработување и тој е со временски период 31.12.2003 година. Ако знаеме каква ни е администрацијата и ако знаеме како се работи во Македонија, не ќе можат фирмите да стасаат да се пријават, неможат да ги завршат административните работи, знаеме каква ни е инертна администрацијата.

.-

За крај, она што сакаше дса се продолкува со разни дискусии од страна на едни други пратеници околу синдикатот.

Синдикатот вршеше притисок и сега врши притисок. Нема што да се мешаме во работата на синдикатот.

Јас само сакам да кажам дека при изговувањето на овој закон, со пртставниците на синдикатот учествуваа господинот Гештаковски, Бузлевски и се договоривме и го изменивме текстот на законот. Тоа е вистината. Сега како ќе се произнесат пратениците тоа го оставаме на нив, а синдикатот не дека треба да го исфрлиме надвор од дискусиите, иако нема никој притутен во синдикатот, синдикатот се става како партнер и прави одредени проблеми во економското живеење. дури синдикатот наметнува свои правила на игра што влегува и ги загрозува дел од фирмите. Од тие причини синдикатот треба да работи принципиелно и затоа се стави на една страна на изборите. Тоа е негово право тој си ја носи одговорноста. Сега, како ќе реагираат синдикалците, раководството, претседателот на синдиактот тоа е друга работа. Како што стојат работите, Владата децидно се изјасни, парламентот децидно се изјасни. Сега, кој ги лаже синдикалците, загубарите, дали ги лаже претседателот на синдикатот или парламентот, оставаме на реална проценка на синдикалците.

За крај едно разочарување во дел од медиумите за необјективно информирање.

Не сакаше да му се даде никакво значење на овој проект, можам тука да го исклучам само Сител кој објективно ја информираше македонската јавност. Немаме ништо ни во пишаните медиуми, што не значи дека треба да се бега од проблемот. За објективните проблеми мора објективно да се информира. Отворено треба да се дискутира за овој проблем затоа што проблемот има да се реши. Ќе го имаме пак проблемот со овие загубари. Тоа се 39 фирми. Препорака од оваа дискусија скоро на сите партиципиенти кои дискутираа беше до Владата, сите фирми загубари кои сега ќе се продаваат или ќе се рестартираат, да се задржи поголема маса на луѓе затоа што овој законски проект не е во функција да правиме социјалци и да правиме пензионери туку да направиме импулс повеќе, Владата да размисли да се забрза постапката, да не се надмудруваат кој ќе ги купи, по која цена или како ќе се продаваат фирмите загубари. Нека се намали цената, нека се забрза постапката и да се продадат фирмите, да се рестартираат. Знаеме во каква состојба ни е економијата. Падот на индустриското производство е голем и со тренд да се зголемува. Влегуваме во вториот квартал од годината, го изгласавме Буџетот, а се

.-

поставува прашање дали ние до крајот на вториот квартал, до шестиот месец ќе го наполниме буџетот. Од тие причини да се надминат недоразбирањата, да се овозможат реални услови за да може стопанствениците да стопанисуваат, да се прекине со нарачани контроли, да се притискаат стопанствениците, да заживее стопанството. Едино така можеме да го полниме буџетот, едино така може да се прават бенифиции, едино така може да дојдат странски инвеститори, да заживее стопанството. Без заживување на стопанството водиме непродуктивна и гола политика, се надмудруваме кој од која политичка партија е и кој мисли дека ќе каже подобро. За овие 12 години не им помогнавме на граѓаните. Дискутираме во празно.

Со промената на власта граѓаните очеклуваа дека ќе се случи нешто радикално. Промените и реформите не одат брзо. Потребно е време. Но, дајте да ја исклучиме политиката од економијата, дајте да заживее пазарното стопанство затоа што пазарната економија си има свои правила на однесување. Дајте ние да овозможиме услови за стопанисување.

Од тие причини оставам на вас пратениците да се произнесете по овој проект.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го заклучувам претресот по Предлогот за донесување на закон и на Собранието му предлагам да го усвои слендиот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Молам да гласаме по Предлогот.

Гласале 72 пратеници, за 23, воздржани 2 и против 47.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на 24 точка од дневниот ред**

- **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на РМ со Предлог на закон**.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

.-

Овде се работи за измени на Законот за служба во Армијата на РМ, објавен во Службен весник 62/2002 со кои се утврдуваат и уредуваат правата должностите и одговорностите на лицата во Служба на АРМ како и системот на плати и надоместоци на плати.

Точно во вториот дел на законот, со овие промени има најмногу промени кои ќе предизвикаат турбуленции во самата Армија и ќе предизвика незадоволство од понуденото решение.

Со донесувањето на решението се предвидува дека ќе се стигне до поголема професионализација, како основа за продолжување на реформите и усогласување со НАТО стандардите.

Во овие 4 години стопанството, заедно со Армијата на РМ, стигнавме до некои заеднички решенија и согледувајќи ја состојбата во самата Армија, она што значи обезбедување на средства, она што значеше помош на тие луѓе, дојдовме до сознание дека во самата армија има прекрасни млади стручњаци кои со својата работа придонесоа многу делови од Армијата да профункционираат и барем малку да се приближиме до НАТО Алијансата. Но, тоа е многу малку.

Ако знаеме дека РМ од бившата ЈНА остана со она што остана остана многу малку со вооружување, посебно во деловите што значат техника, би било многу н елогично во оваа ситуација да казнуваме одредени делови од Армијата со тоа што “е ги намалиме нивните плати поради тоа што, ова што значи софистицирана технолошка опрема, која во догледно време треба да ја поседува Македонија, и обуката на тие луѓе, придонесува нивниот ангажман, нивната стручна оспособеност, државата да вложи многу во сето тоа и на крајот за многу кратко време можеме да останеме без сите тие стручни кадри, ако не водиме грижа за нивното знаење и осознавање.

Јас би коментирал посебно три дела од овој Предлог закон и тоа во делот на платите каде што има промени на членовите 28 и 29.

Се она што претходно кажуваме дека Армијата сакаме да ја приближиме до НАТО стандардите, кажува дека со овие промени ние правиме една урамниловка, својствена на едни други системи, сигурно не на нато структурите и НАТО Алијансата каде што во оваа област, барем кај нив се знае кој е команден кадар, кои се виши офицери и како тие се платени и зоштио се плаени. Се тоа доаѓа оттаму што било која држава вложува премногу за да добие команден кадар за да може после тоа да се враќаат на место каде ќе ги изедначиме со нижите офицери, што, без разлика на нивната улога во Армијата, секако знаеме што претставува

командниот кадар во било која ситуација, за недајбоже, видовме ние самите што претставува една одлука на генералштабот, одлука на еден командатн на единица. Затоа мислам дека треба да се посвети поголемо внимание, точно на овој дел од Армијата на РМ. Со тоа што ќе се примаат нови припадници на АРМ и старешини, а масата на плати останува иста, мислам дека ќе дојдеме до ситуација генерално сите плати на вработените да се намалат затоа што бодовната маса се зголемува, парите останувaат исти и тоа ќе биде уште еден проблем.

Оваа урамниловка, тоа и во самт Предлог закон е дадено, а јас само би кажал, она што е назначено дека покрај постојниот закон, разликата меѓу разводник и поковник е некаде 1,2 - 4, а со новиот би дошол 1,2 -   или разводник, бригаден генерал од 1,3 сега на 1,2 - 4.

Ако малку подобри ги погледнеме овие работи и ако се префрлилме на она што го бараме, а тоа е НАТО  алијансата, ако еден војникк во НАТО алијансата има 1000 долари, а генералот 1400, верувајте дека многу тешко ќе се покрене цела машинерија да работи и функционира како што функционира. значи тука треба да се обрне поголемо внимание на оваа работа за да можеме сето тоа да го изнесеме на прав пат.

Друга суштинска забелешка е промената на овој закон во однос на обуката на старешините. Тука стои еден член кој ја менува досегашната ситуација, и тао кажува дека обуката на старешините досега беше 3 месеци од сега ќе биде до 3 месеци. Кажано е до три месеци со тоа што не се точно дефинира дали се тоа 1 недела 2 недели 3 недели или се 10 дена. Мислам дека и тоа треба да се дефинира затоа што повторно зборуваме за НАТО алијансата и нејзините структури и она што знажи обука на нашата армија во тие специјални единици што ги гледаме низ светот, ги гледаме и во нашата држава. За да може тие да функционираат сигурно и старешинскиот кадар што ќе ги обучува, треба да биде специјализиран и да може да ги извршува сите овие работи, а не да биде обучуван две недели. Така што ако тие старешини со две недели обука ги обучуваат нашите војници, тогаш се поставува прашањето дали е тоа во ред, или, се разбира, ако овие старешини претходно немале некои други изкуства во некои борбени активности, надвор од Армијата во РМ или против АРМ, биле во ОНА, биле во АНА, или како што сега ги нарекуваме криминалните структури, кои себе си се нарекуваат вака или така.

Јас би сакал да проговорам нешто за член 32 став 2 и 3 кои го менуваат членот 150.

.-

Со овие два члена, со тоа што се м енува со членот 150 од Законот за служба во АРМ, а се однесува за надоместокот за вршење на специфична воена служба, за летачкиот персонал, воздухопловно - техничкиот персонал, припадниците на специјалните и граничните единици, како и за други специјалности кои се од особено значење за армијата.

Во став 2 алинеја 1 од истиот член од Законот, предвидено е за пилотите надоместокот да изнесува од 500 до 800 бода, а за останатите специјалнисти од став 2 предвиден е надоместокот од 50 до 500 бода.

Во став 3 од член 150 од овој Закон, предвиден е посебен надоместок за вршење на наставничка и инструкторска должност за летачкиот персонал до 30%, во зависност од видот и категоријата на стручната оспособеност и типот на воздухопловот на кој се врши обука.

Во предлог законот за изменување и дополнување на Законот за служба во АРМ се предлага алинеите 1 и 2 од ставот 2 да се бришат и текстот да гласи - надоместокот за вршење на специфична воена служба за лица од став 1 изнесува од 50 до 800 бода, а во ставот 3, 30% се заменува со 20%.

Членот 32 Предлог законот за изменување на Законот за служба во АРМ не е прифатлив, неоправдан и нереален за пилотите од военото воздухопловство како и воздушната одбрана, како и за поголемиот број припадници а Армијата односно истиот е штетен со долгорочни штетни последици и тоа од повеќе прижини:

Прво, ваквата формулација на овој член му дава право на началникот на Армијата да му предлага на Министерот за одбрана во подзаконски акт, надоместокот за пилотите да биде вреднуван во помал износ од надоместокот за вршење на гранична служба, надоместокот за единиците на специјалните сили и воената полиција, без оглед на степенот на образованието, работното искуство стручната оспособеност, управувањето со високософистицирана воздухопловна техника и ризикот од можни катастрофи и во мирно временски и во воени услови.

Со регулирање на надоместокот од овој член, според Предлог-законот за изменување и дополнување, ќе доведе до енермно зголемување на бројот на бодовите во квупната маса на бодови, што ќе доведе до намалување на вредноста на бодот и автоматски намалување на платите на сите припадници на АРМ.

Врднувањето на пилотската професија на ваков начин ќе го забрза одливот на кадарот од пилотската специјалност во други структури во РМ, и надвор од неа, а пак обуката на нови пилоти е многу скапа и се мери на стотици илјади долари па дури и во милион долари, во зависност од типот на воздухопловот.

Досега, поради непринципиелните ставови и лошо водената политика, 4 пилоти го напуштија военото воздухопловство и заминаа во МВР. Двајца веќе подолго време се во Владата на РМ. Истото се служува и со останатие.

Сегашната пополнетост со пилотскиот кадар, како во однос на бројната состојба, така и во однос на старосната структура е крајно неповолна и загрижувачка.

Во изготвувањето на Законот за служба во АРМ, за кој зборувавме за кој сега станува збор и треба да се менува учествуваа претставници од нивните редови кои учествуваа со свои предлози, сугестии и забелешки, ја истакнаа специфичноста на летачката служба и придонесоа да се донесат такви решенија во законот.

Ова беше посебно одделено од поранешниот министер Владо Поповски и пилотите беа одделни, со тоа што се ставија во оној број од 500 до 800 бода, како посебна категорија и професија, затоа што гледајќи ја нивната образовна структура, сите се со ВИИ/1 и ВИИ/2 степен.

Според гореизнесеното може да се заклучи дека измената на член 150 е со крајно штетни намери кои ќе доведат до намалување на моралот и борбената готовност кај припадниците на пилотската професија во военото воздухопловство, со можност да дојде до јавно искажување на незадоволството.

Нивната и нашата забелешка е дека во изготвувањето на Предлог законот за изменување и дополнување на законот за служба во АРМ, немаше претставници од военото воздухоплство за да дадат свој придонес кон Предлогот на законот, а исто така, веќе изготвениот Предлог закон не беше доставен до военото воздухопловство, па слободно може да се каже дека тие не учествуваа, а учествуваа некомпентни луѓе од оваа област.

Јас би замолил, бидејќи веќе е завршена процедурата за промена на овој закон, доколку овие нивни забелешки не може да се прифатат, мислам дека после донесувањето на тој закон би покренале процедура во самиот парламент за задоволување на нивните барања. Затоа ќе апелирам до колегите пратеници, бидејќи се работи за едно сериозно прашање, се работи за борбената способност на нашата армија да се посвети малку поголемо внимание на ова и се надевам дека заеднички ќе најдеме сили да обезбедиме што подобри услови за нашите војници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Трендафилов.

.-

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во функција на последното што го кажа господинот Мавровски сакам да ги известам пратениците, а овде се присутни луѓето со кои во принцип го постигнавме договорот, ако грешам ќе можат да ме исправат, дека Комисијата за одбрана и безбедност разговараше за оваа тема, беа присутни претставници од Министерството за одбрана во лицето на државниот секретар господин Поповски. На тој состанок и од претседателот на Комсијата господинот Тито Петковски беше кажано дека има стигнато голем број забелешки по завршување на онаа постапка во Собранието, значи временскиот рок кога може амандмански да се интервенира, бевме согласни дека нема да го спречиме донесувањето на овој закон преку повторно одложување, тоа што се случи во минатото за кое можеби и Владата со своето однесување придонесе да се најдеме во оваа ситуација, значи договорот беШе да дадеме подршка на овие измени со тоа што Министерството за одбрана истот ака се согласи во договорот по изгласувањето на оваа прдлог законска одлука Комисијата за одбрана и безбедност уште еднаш да ги разгледа сите сугестии и да интервенир апреку поднесвуање Предлог закон за донесување и изменување на Законот за служба во АРМ, да ја избегнеме непријатната ситуација во која можеме да ја ставиме македонската војска.

Тоа е договорот барем јас како што го сватив.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Телат Џафери.

ТЕЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Што се однесува до потребата за донесвуање на овој закон односно законот за изменвуање и дополнување на Законот за служба во Армијата, мислам дека овој предлог што доаѓа од Вадата треба да биде подржан и дека ги содржи сите специфики кои се во врска со она што е служба во Армијата.

Држи она што го рече господинот трендафилов за Спогодбата за интервенција во идната измена на Законот за служба во Армијата, но не држат забелешките кои ги искажа говорникот пред господинот Трендафилов.

Интенцијата на измените во Законот за Служба во Армиајта е во тоа што позицијата од тој што е помалку платен до оној што е повеќе платен да не биде

.-

голема разликата , како што беше постоечкиот Закон. Во оваа смисла мислам дека Предлог законот кој е на дневен ред се успеа разликата да не биде толку голема со оглед на степенот на квалифицираност, но спецификите кои се во врска со службата што ја врШат разните сегменти во Армијата се оние кои се одредуваат со посебна компензација врз база на задачата и обемот и одговорноста која ја има во Армијата што е вов рска со членто 29 односно тоа е во врска со членот 147 со основниот закон и мислам дека забелешките дадени денеска не се одржливи и законот со амандманите кои се предложија од соодветната Комисија мислам дека треба да биде изгласан денеска и да се овозможи на Министерството и на другите институции да можат на вистински начин да ги реализираат обврските кои ги имаат кон вработените во Армијата.

Мислам дека сите пратеници едногласно треба да го подржат овој Предлог закон и да овозможат работите во сферата на Армијата каде е посебна специфика да одат во една позитивна насока во однос на позицијата на вработените, а посебно на позициите на оние што се цивили и на кои претходното решение им беше најдискриминираната категорија во Армиајта.

Мислам дека со амандманите кои се поднесени и со оценките ќе се создаде соодветна позиција и на крај би апелирал до сите овој Предлог на закон да биде подржан.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика до господинот Џафери од Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во однос на членот 28 и 29 за кои зборувавме за таа урамниловка ако сме сите, а во Предлогот на законот многу јасно стои дека треба да се доближиме до структурите на НАТО алијансата . Ако ги изедначиме луѓето во армијата како командниот кадар тоа е исто со обичната редован војска или со овие офицери кои ќе бидат сега примени, нижите офицери кои ќе имаат обука од 2 недели, мислам дека ќе дојдеме во една ситуација комплетно она што го разговаравме за моралот на армијата да падне на многу ниско ниво. Ако зборуваме за специјални единици, ако зборуваме за структури кои понатаму ќе можат да бидат и ќе гарантираат за безбедноста на Република Македонија мислам дека треба да водиме многу повеќе грижа за тој команден кадар, многу пвоеќе грижа за луѓето со високо образованеи

затоа што многу лесно од структурите на армијата можат да се префрлат во било кој дел од стопанството и да ги изгубиме како луѓе кои во моментот даваат голем придонес во армијата. Ако сакаме да го разнебитиме сето тоа, ако сакаме една воздухопловна или противвоздушна одбрана и сите луѓе кои работат во нив кои се високи специјалци да ги изедначиме со некој разводник или водник кој имал две недели обука, тогаш мислам дека не сме на правиот пат, и дека ќе дојдеме во ситуација кога ќе одлучуваат разводници и водници и ќе имаме голем проблем.

Јас мислам дека знаеме која е целта да се примаат многу луѓе кои учествуваа во некои акции беа против самата Република Македонија , против армијата на Република Македонија и во тоа градење на таа кохезија во армијата ќе има доста проблеми, а ако и ова го додадеме како уште еден проблем на сето тоа, тогаш стигнуваме во ситуација кога целата ситуација ќе биде крајно критична за комплетниот морал на  Армијата на Република Македонија .

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Џафери реплика.

Имате една минута.

ТЕЛАТ ЏАФЕРИ:

Реплика до господинот Мавровски. Членот 28 на Предлог законот за измена и дополнување на Законот за служба во Армијата во врска со членот 147 вели дека основната плата според чинот се вреднува според поени и тоа за генерал 780 поени, за разводник 320. Тука не се прави дискриминација на тој што командува и што има одговорност за командување, се работи за степен на квалифицираност што се смета разводникот да има средно училиште, а генералот да има специфично образование од степенот 7/2, 7/3 и т.н.

Оваа разлика се потполнува со членот 29 каде основната плата, според задачата, се вреднува во определени групи според чинот, видот и обемот на работата, комплексноста и одговорноста вов ршењето на задачата.

Господинот Мавровски треба да знае дека командантот има одговорност за наредби и квалификување, а разводникот и другите чинови имаат одговорност за извршување на она што го испланирал генералот и условите и околностите во кои работат пониските чинови.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор министерот за одбрана.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ;

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, чувствував дек ана почетокот нема потреба да ја образлагам потребата и да се вклучам во општата расправа во духот на сето она што претходно го правеЌе Министерството за одбрана и посебно одличната соработка што ја има со Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Македонија , бидејки веројатно и на пратеникот Спиро Мавровски кој го доби текстот да го прочита , веројатно му е јасно дека се обидуваме да најдеме решение кое ќе биде прифатливо за припадниците на Армиајта.

Јас сум крајно изненаден што е пратеникот злоупотребен, посебно од пратеници кои претпоставувам дека се надлежни во опозицијата пред се во ВМРО-ДПМНЕ да ги следат работите во Армијата. Тука мислам на пратеникот Трендафилов кој знам , јас си дозволив да контактира со началникот на Генерал штабот и да се консултира околу овие решенија, бидејки пројавил интерес дали Армијата била вклучена во изработката на овие измени. Армијата беше вклучена, имаше подготвено експертски тим каде на крајто на краиштата не можат да бидат задоволени апетитите на сите, бидејки уште во образложението зошто пристапуваме кон измени на овој Закон велиме дека тоа го правиме затоа што имаме финансиски проблеми.

Законот е неприменлив, ние може да направиме одличен закон и да посакаме да бидеме уште сега членка на НАТО според примањата на нашите старешини, но тоа не е урамниловка. Тоа не е поистоветување на високите старешини со редовната војска , туку поистоветување со судбината на обичниот човек во Република Македонија . Нашата реална економск амоќ е таква што ќе се обидеме со другите наши достигнувања да го скратиме патот до полноправното членство во НАТО. Масата на плати Ви е ограничена и ние правиме напор и тоа го направивме крајно успешно и крајно транспарентно. Затоа ниту некој ја разнебитува Армијата, ниту некој прави нешто крајно штетно по моралот. Јас нема да дозволам и секогаш ќе реагирам во Парламентот доедека сум минситер за одбрана кога некој ќе се обиде да ја политизира или да ја партизира Армијата, како што се обиде пратеникот Спиро Мавровски кој сака да биде многу загрижен за она што се случува со нашите пилоти. Но, бидејки тоа јавно го постави овде како прашање би сакал да му

.-

објаснам, бидејки смаиот призна дека не е надлежен за оваа проблематика и веројатно читаШе текст кој претходно му е подготвен.

До сега, според постојните законски решенија овие наши пилоти имаа можност да добијат додаток од 500 до 800 бода онака како што објасни процедурата односно како што ја прочита. Другите припадници на Армијата од 50 до 500. Ние со сегашното решение правиме еднакви услови за сите. Велиме сега ќе има можност на предлог на началникот министерот да даде дополнителен додаток од 50 до 800 бода, тоа значи дека во секој случај нивните 500 до 800 бода како можност им се загарантирани и не треба да се влегува во замката дека некој треба да има ексклузивно право , да има надоместок од 500 до 800, а сите  други, бидејки не се само тие специјалци и не се само тие високообразовани, туку има многу други во Армијата високообразовани кои ако ги исполнуваат условите како пилотите ќе ги уживаат истите права.

Мислам дека ова не е мегдан каде треба опозицијата да се пресметува со позицијата и да ја вметнува оваа пресметка Армијата или дел од Армијата, па дури и да се заканува со бунт, мислам и она што беше спомнато во претходниот период кога беше министер Владо Поповски покажува дека и во тоа време заради релациите што ги имаше ВМРО-ДПМНЕ со тој министер може покажува и докажува дека навистина беШе замешан во бунтувањето на дел од Армијата, што јас додека сум министер енергично ќе се спротивставувам за било какво партизирање и политизирање.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има многу што бараат реплика, па ќе одиме по ред. прв се јави Спиро Мавровски, но господинот Зоран Крстевски бара процедурално.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Господине претседателе, ви се обраќам вам, мислам дека е крајно време да реагирате кога министрите си дозволуваат на пратениците да им лепат етикети. Можат аргументирано да кажат со што во дискусијата на пратеникот не се согласуваат, меѓутоа, се повторува почесто пати да ја преминуваат црвената линија министрите ког асе однесвуа на дискусијата на пратениците.

.-

Сепак парламентаризмот подразбира да имаме посебен законодавен дом и посебно влада. Ние не сме нивни избраници , тие се наши избраници и бе ве замолил да реагирате за дигнитетот на овој собраниски состав.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине Крстевски ќе го правам тоа само ќе ми дозволите да го правам во сите случаи и да не реагирате и кгоа е обратно и кога е пратеник на пратеник и пратеник на министер.

Господинот Мавровски има реплика на излагањето на министерот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас му благодарам на господинот Крстевски, мислам дека (овде упаѓа министерот за одбрана и бара реплика на господинот Крстевски).

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Мислам дека бев крајно коректен и би сакал да укаже на мојот пропуст затоа што вака како што кажа би сакал да знам каде е поставена црвената линија и што треба претставниците на Владата да прават во овој Парламент.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ајде господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине министре, јас сепак сум пратеник, дали ја познавам, јас самиот кажав дека мојот фах не е одбраната, но дека некој ќе ми напише говор тоа е далеку од вистината, ако мислите дека во опозицијата ќе има и секогаш ќе има одредени луѓе кои секогаш ќе разговараат со вас, мислам дека тогаш не носите нас останатите пратеници во нерамноправна положба. Јас и како ваков кој не ја познавам доволно Армијата на Република Македонија си земам за право да кажам дека успеав да оспособам неколку, заедно со моите соработници, радарски единици и неколку противвоздушни орудија. Тоа го направивме и покрај тоа што јас не сум ни во Министерството за оддбрана ниту пак имам некои поголеми разбирања, а ова што го гледам и што го кажувам сигурно дека со тие луѓе што соработував јас како пратеник сум должен да ги искажам сите овие нивни видувања и се она што значи забелешка на овој Предлог закон. Тоа не значи вас да ве вознемирува и дека вие сега ќе ни

.-

објасните дека специјалнит еединици мора да бидат еднакви и во НАТО алијансата сигурно дека ги знаете структурите и какви се платите. Тогаш да не ја спомнуваме НАТО алијансата да се вратиме на нашите редови на она што значи наша армија и да се прилагодиме на сето она што треба да го нарпавиме. Затоа , не под маската на една работа да правиме работи кои точно така ќе ја разнебитат Армиајта.

Уште еднаш стојам на моето тврдење и го кажувам тоа не од политички аспект, од аспект на сигурност и безбедност на Република Македонија затоа што видовме во претходните 2 години какви случувања се случија во оваа држава и затоа треба сите заедно одговорноста да ја споделиме. Не се работи ни за позиција, не се работи ни за опозиција. После тоа да биде доцна и за едните и за другите.

Се надевам дека тоа нема да се случи.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика има господинот Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Бучковски, навистина сум изненаден од вашиот непријателски став и вашите, навистина, несериозни алузии. Зарем вие мислите дека ако јас нешто сакам да кажам ќе се двоумев да го кажам во прво лице еднина? Но, и покрај вашиот непријателски став, уште еднаш сериозно ќе ви обрнам внимание дека на последниот состанок на Комисијата за одбрана и безбедност го договоривме заклучокот што го кажав кога се јавив прв пат за збор. А тоа е дека Комисијата за одбрана и безбедност, претседател е г. Петковски, ќе ги разгледа уште еднаш сите сугестии што дојдоа после завршувањето на деловничкиот рок за упатување на амандмани во врска со овој закон. На таа средба побарав да го одложиме донесувањето, да го симнеме од дневен ред овој закон, но вашите соработници од Министерството за одбрана замолија дека премногу е одложуван овој закон и да не ги доведуваме македонските војници во незгодна ситуација, го формулиравме заклучокот така како што го формулиравме.

Доколку вие сметате дека има нешто непријатно ако еден пратеник се јави кај било кој старешина од македонската војска и да побара мислење и сугестии за стручи работи или за било што го интересира пратеникот, доколку мислите дека не треба пратениците да се јавуваат, вие имате една иницијатива. Или забранете им

.-

на војниците да комуницираат со одредени пратеници или донесете некаква одлука пратениците да не смеат да се јавуваат во војската без ваше знаење.

Останувам на заклучкот што верувам дека го изразува духот на работта на Комисијата за одбрана и безбедност и без оглед на вашиот непријателски став ние ќе продолжиме во насока на заклучокот што беше формулиран пред две седници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе ве молам, Армијата на Република Македонија, вие знаете подобро затоа што таму работите, не е орган на управа на Република Македонија. Парламентот врз Армијата нема таква надлежност како врз министерството, што е орган на управа.

Има збор г. Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Во духот на транспарентноста и разбирањето, пријателството и непријателството ќе го оставам на страна. Претставникот на Владата, министерот за одбрана не спори било каков заклучок на Комисијата за одбрана и безбедност и ќе ги почитува сите допонителни измени и дополнувања на законот што ќе се донесе во редовна процедура.

Ние говоревме за друго, за забелешките што пристигнаа од пратеникот Мавровски што излегоа од духот на добрите намери за кои што сега пледира и пратеникот Трендафилов. Значи, политизирањето, партизирањето и заканувањето со бунт е недозволиво. Се друго каде што треба да се спротистават аргументи е нормално достигнување на демократијата и на парламентаризмот и ќе го почитуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор господинот Апостоловски Никола.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Денеска, на дневен ред се наоѓа Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во АРМ, законот е од посебно

.-

значење на граѓаните кои работат во Армијата на Република Македонија од причини што со овој закон се уредува статусот, правата, должностите и одговорноста на вработените, како и системот на плати и надоместоци во Армијата.

Добро е што Министерството ги согледа слабостите на постојниот закон и на оваа седница ни нуди Предлог за донесување на закон за измена на Предлогот на закон, од причини што одбраната не трпи одлагање на работите, инпровизации, недоречености, а посебно старешените кои очекуваат брзи и презизни измени и донесувања со кои се регулира нивната работа и живот и единиците и установите во Армијата на Република Македонија За одбележување е дека со предложените измени и дополнувања на законот се врши доуредување на решенијата за време на служба во АРМ, што е во функција на професионализацијата во АРМ. Тоа, несомнено доведува до саканата цел, усогласување со НАТО стандардите. Со законот се обезбедува можност за поставување на воено обврзници на официрски должности во резервниот состав, доколку има соодветен степен на образование или воено евиденциона специјалност, од причини што во изминатиот период во Армијата се соочуваа со овој проблем за пополна на офицерски должности, од причини што не постои доволен број на резервни офицери.

Овој закон, исто така, овозможува покрај армискиот додаток, што ја изразува специфичноста на службата на припадниците на Армијата да им се исплаќа и одреден надоместок во вид на дневници, што не влегуваат во пресметка на платата, за специфични армиски работи, како и за работа подолга од полното работно време, што е многу битно за одржување на борбената готовност, бидејќи во одредени случаеви не може да се ограничи работното време.

Понатаму, овој закон поадекватно ги определува платите на воените и цивилните лица и надоместокот на плата за време на користење на годишен одмор, што досега тоа не беше сторено. Со овој закон се обезбедува пореспективно решавање на станбеното прашање на воените старешини кои во местото на вршење служба го немаат решено стамбеното прашање.

Со ова решение се решава проблемот на плати на професионални војници и воени старешини кои се упатуваат во хуманитарни организации и мировни мисии надвор од територијата на Република Македонија, со тоа што се изедначуваат примањата на вработените со примањата во ДКП на Република Македонија во странство. Тоа е навистина за поздравување. Со овој закон се допрецизираат надлежностите околу изрекување дисциплински мерки, оценување на професионалните војници и воените старешини.

.-

На крајот, сакам да го истакнам моето задоволство од соработката во матичната комисија што ја пројавија претставниците на Министерството за одбрана и амандманите што беа прифатени од нивна страна.

Од тие причини ќе го поддржам предложениот закон и ќе гласам за него.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој повеќе не бара збор го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок, а во меѓувреме ги молам пратениците да влезат во салата:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници, за гласале 77 пратеници, 1 е воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 10 во новиот член 50-а став 3 и став 4, за менување на член 23, за менување на член 36 и за менување на член 43. Тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за одбарана и безбедност поднесе амандман на член 10 во новиот член 50-а за бришење на ставот 1, на член 23, член 36 и за менување на член 43 и истите ги повлече.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандман на член 38 за додавање нов став 2 со кој претставникот на Владата не се согласил.

Отворам претрес по амандманот на член 38 за додавање нов став 2 поднесен од Комисијата за одбрана и безност што претставникот на Владата не го прифатил уште на Комисијата.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор г. Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

На седницата на Комисијата за одбрана на 13 март, Комисијата едногласно предложи и поддржа 5 амандмани во врска со овој Предлог на закон од кои ги повлекуваме првиот амандман, вториот амандман, третиот и петтиот амандман и ги поддржуваме амандманите дадени од Владата.

Остануваме на амандманот 4 што произлегува од Комисијата за одбрана а што е во врска со компензацијата на патните трошоци за лица кои живеат во едно место а работат во друго место во Министерството за одбрана односно во Армијата, а за кои не е обезбеден јавен транспорт па затоа се создаваат нивни лични трошоци.

На ова остануваме, на овој амандман и заради тоа што и во законот за реализација на буџетот за 2003 година во членот 14 алинеја 3 се предвидува можноста каде што заради потребата на службата и за посебни значајни задачи да можат да се компензираат патните трошоци во реална висина, но не повеќе од компензацијата за одвоен живот.

На почетокот на дискусијата околу овој Предлог на закон претставниците на Владата се согласија амандманот да помине и мислам дека тоа министерот ќе го објасни подобро, имајќи дека има предвид дека станува збор за вработени во специфична институција како што е одбраната, а посебно станува збор за лица кои извршуваат посебни задачи, а патуваат од еден во друг град. Како пратеници, кога имавме осет и на именуваните лица да им овозможиме исплата на трошоци за одбоен живот, мислам дека треба да бидеме одговорни и мислам дека пратениците ќе го поддржат овој амандман што е во врска со лицата кои имаат такви потреби во сферата на одбраната. Мислам дека ќе имаме дополнителни дискусии во врска со ова прашање и верувам дека и овој амандман ќе биде поддржан од претставниците на Владата.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме за амандманот.

(Министерот Бучковски бара збор).

Ве молам, прекинете го гласањето и дајте го телопот за пријавени дискутанти.

Има збор министерот за одбрана.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Не ми дадовте можност да го кажам своето мислење затоа што на седницата на Комисијата за одбрана и безбедност на 10 и на 13 март, претставниците на Министерството го немаа текстот што е донесен на крајот од месец март по Законот за извршување на буџетот. Така што, сега се создаваат законски можности Министерството за одбрана да го прифати амандманот на Комисијата за одбрана и безбеност, тоа е амандманот број 4.

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, затоа што имаме писмен извештај дека на Комисијата сте го одбиле, затоа не ви дадов збор. Тоа важи и за овој претрес.

Значи, амандманот се прифаќа и станува составен дел. Само да повторам амандманот е поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност на член 37 за додавање нов став 2.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор по текстот? (Никој).

Констатирам дека никој не бара збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 81 пратеник, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

.-

Минуваме на точката 25 - Предлог на одлука за основање Анкетна комисија за испитување на целокупниот видео материјал и другите податоци од испрашувањето на Петрит Аме од страна на МВР.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Процедурално збор бара г. Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Се извинувам г. претседателе, бидејќи законот доаѓа по итна постапка и амандманот мора да биде доставен, Педлогот на одлуката за формирање на комисија и амандманот мора да биде доставен пред почетокот на расправата, заради усогласување со пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Поради тоа барам пауза од 10 мин.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само момент, со оглед дека ова е само Предлог за донесување одлука, не очеккувам дека тука ќе има расправа за случајот. Тоа ќе биде кога ќе дојде извештајот. Само да го затвориме општиот претрес, па после кога ќе дојдеме на амандманите, ќе дадам пауза да ги усогласите.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Пратениците Борис Кондарко и Есад Рахиќ поднесоа амандмани за менување на член 1 и за менување на член 3 по кои предлагачите не се произнеле.

Пратениците Борис Кондарко и Есад Рахиќ поднесоа амандман на насловот на предлогот на одлуката по кои предлагачите не се произнеле.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандман на член 4 по кој предлагачите не се произнеле.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандман на насловот на предлогот на одлуката по кои предлагачите не се произнеле.

Сега давам пауза за усогласување.

Ќе продолжиме во 12,00 часот.

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 12,05 часот)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Жарко Караѕоски поднесе амандмани за менување на насловот на Предлогот на одлуката и за менување на член 1 по кој предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратениците Борис Кондарко и и Есад Рахиќ.

Го молам Жарко Караѕоски во име на предлагачите да се произнесе по амандманот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Мислам дека е изграден консензус во пратеничката група и на СДСМ и на останатите, ние го прифаќаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го прифаќате?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Молам, за кој амандман станува збор?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За амандманот на член 1 поднесен од пратениците Борис Кондарко и Есад Рахиќ.

БОРИС КОНДАРКО:

Амандманот го повлекуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3 поднесен од пратениците Борис Кондарко и и Есад Рахиќ.

Останува ли тој амандман?

Го молам Жарко Караџоски во име на предлагачите да се произнесе по амандманот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не го прифаќаме амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Кондарко, барате ли збор? Повелете.

БОРИС КОНДАРКО:

Сакам да информирам дека навистина направивме усогласување во врска со поднесените амандмани на Предлогот на одлуката, меѓутоа, што се однесува до вториот амандман на член 3 од Предлогот на одлуката, како што е наведено во образложението на поднесениот амандман интенцијата на предлагачот е да се постигне целосна рамноправност и еднаквост при работата и одлучувањето на Анкетната комисија која треба да ја формираме и за што постои согласност помеѓу пратеничките групи. Со што се предлага паритетна основа на бројот на составот на комисијата. Имено, три члена да бидат од актуелната позиција, значи од партиите на власт и три член од опозицијата во Собранието на Република Македонија, со тоа што правиме една конструктивна отстапка во корист на партиите од опозицијата за составот на оваа комисија од редот на трите члена што ќе ги даде опозицијата и претседателот на Анкетната комисија да биде исто така од редот на опозицијата, кој ќе ја организира и раководи работата на Комисијата.

Меѓутоа, се раководевме ое мотивот да се постигне еднаквост и рамноправност при работата за да привилно и објективно се испитаат фактите кои се однесуваат на надлежноста на Комисијата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Предлогот како што беше формулиран во нашата одлука да бидат повеќе пратеници од опозицијата, а помалку од позицијата, дури и од премиерот Бранко Црвенковски беше така предложено, барем ние таква информација добивме.

Но, доколку СДСМ инсистира на амандманот на Борис Кондарко и Рахиќ, ние би го прифатиле и таков.

Уште еднаш би сакал да прашам, дали има некоја отстапка во амандманот на Кондарко и Рахиќ, ако не и вака амандманот ќе го прифатиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот го прифаќате, или?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Доколку инсистираат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го повлекувате амандманот, или не?

БОРИС КОНДАРКО:

Остануваме на амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Кога останувате на амандманот, тогаш одиме на гласање.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Во тој случај го прифаќаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, амандманот е прифатен.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Мислам дека покрај членовите на Комисијата треба да има и заменици на членовите на Комисијата, а тоа го нема во амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Заменици на постојаните работни тела, ова е Анкетна комисија, ад кох формирана, не е нужно по редот на работите. Ако некој цени дека треба да има, сега не можеме без амандман за тоа да расправаме усно.

Отворам претрес по амандманот на насловот на предлогот на одлуката поднесен од пратениците Борис Кондарко и Есад Рахиќ.

Го молам Жарко Караџоски во име на предлагачите да се произнесе по амандманот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Овој амандман очекувам да биде повлечен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

.-

Отворам претрес по амандманот на член 4 на предлогот на одлуката поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам Жарко Караџоски во име на предлагачот да се произнесе по амандманот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Овој амандман не го прифаќаме, сметаме дека е прекраток рокот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Амандманот се однесува на тоа дека во Предлогот на одлуката Што е предложена за формирање на Анкетна комисија предлагам да се утврди рок во кој што Анкетната комисија ќе ја заврши работата и ќе поднесе извештај на Собранието на Република Македонија. Рокот што го предлагаме е 30 дена.

Накратко сакам да образложам зошто го предлагам овој амандман.

Прво, малку од сопствено искуство во периодот од 1994 до 1998 година кога водев една анкетна комисија која што работеше долг период, изготви извештај и тој извештај никогаш не стигна до Собранието на Република Македонија пред пратениците да се разгледува.

Второ, сметам дека од денес започнува уште днаш забава за граѓаните на Република Македонија. Можете да ми кажувате вака или онака, но јас сметам дека забавата е започната и ме зачудува малку што опозицијата предлаа ваква анкетна комисија. Убеден сум едно, наместо други теми во јавноста, најприсутна во следниот период ќе биде работата на оваа анкетна комисија. Затоа, предлагам да се скрати рокот, пред се, Комисијата да биде ефикасна.

Второ, за да се исполни целта за која што ќе се формира комисијата и

Трето, да има завршна работа и завршна цел на оваа анкетна комисија.

Следно, смешно ми е образложението што го читам во весниците дека касетите сега биле најдени во Министерството за внатрешни работи, 4 години ги немало, па сега полицијата или од СДСМ биле толку наивни и последниот месец ги вратиле касетите. И тоа зборува во прилог дека,

(Реакција на пратениците)

Кратко, за амандманот да кажам. Немојте да се секирате толку, ќе имате време да дискутирате.

Инаку, јас колку што знам, ставот на пратеничкаа група на ЛДП е да ја подржи анкетната комисија, а јас имам свое право личниот став да си го искажам и

.-

нема да ја подржам ако не се прифати овој рок за формирање. Тоа е мој личен став, а пратеничката група ќе си го изнесе својот став и ќе си гласа.

Зошто ова го изнесувам? Ова го изнесувам заради тоа што ќе се повтори практиката во Република Македонија, уште еднаш ќе се занимаваме во наредниот период со минатото. Во овој момент нема д ги отвориме актуелните теми за разговори кои што се битни од екмономски, од безбедносен аспект во Република Македонија.

Искуствата на досегашните комисии што покажуваат. Покажуваат дека таман ќе дојде анкетната комисија до некое решение, бидете убедени дека ден - два пред тоа ќе ви се пласира во медиумите, преку некој анонимен извор кој што доставил информација до некаде, некоја нова информација по однос на ова прашање, па ајде уште месец ќе се занимаваме повторно со нова информација. Таман ќе дојдете до некое решение, повторно уште некој анонимен извор ќе исправи до други членови на медиумите, на парламентот, или на било кој друг нова информација и во недоглед така ние ќе расправаме следнава година и можеби повеќе ќе го занимаваме народот со тоа.

Навистина, како пратеник повеќе не ме интересира што во минатото правел господин Андов, што правел господинот Бранко Црвенковски и ред други луѓе. Ме интересира за актуелната состојба во Република Македонија и на тоа да го посветиме своето внимание. За тоа, кој што правел си има надлежни институции и надлежните институции нека си преземат соодветни мерки во оваа држава.

Личниот став го кажувам, не сакам повеќе да се занимаваме само со минатото, а возот покрај нас да си поминува и да си остануваме само со рекла - казала.

На крајот, сметам дека треба да биде дефиниран рокот и заради една друга работа.

Заради тоа што ќе помине оваа одлука што е доставена до нас и нема кој да ја формира комисијата. Ќе ја формира ли Собранието на Република Македонија, ќе ја формира ли Комисијата за избор и именувања. Еден месец ќе ни треба господа додека ја формираме комисијата. Тоа во одлуката предлагачите го немаат наведено. Значи, амандманот што го поднесувам е исклучиво за ефикасно решавање на поставената задача, која што ја поставиле предлагачите на овој амандман. Во спротивно, сметам дека започнува уште една забава и за граѓаните и во недоглед ќе префрлуваме овој правел ова, оној правел она, кој во кои води завлегол и на крајот ќе немаме решение.

Сметам дека амандманот треба да се прифати.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да ве известам дека согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за избори и именувањата, составот на Анкетната комисија ќе го одреди Собранието на Република Македонија. Таа процедура е деловничка и нема потреба да се повторува во одлуката.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Ако е така, тогаш уште 15 дена ќе треба да се формира комисијата, или до наредната седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе треба, нормално.

Ве молам да продолжиме со работа.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Би сакал само нешто дас објаснам со оглед дека пратеникот Слободан Најдовски ја помешал работата.

Членот 4 се однесува на извештајот што ќе го подготви Анкетната комисија. Ние апсолутно не сме заинтересирани да ја блокираме работата на Анкетната комисија, меѓутоа, неговиот амандман се однесува на последните реченици и вели: “Во рок од 30 дена од донесувањето на одлуката за основање на Анкетна комисија”, а ние одлука за основање на анкетна комисија носиме денеска и таа денеска ќе биде основана. Значи, рок од 30 дена е премнгу мал рок. Ќе поминат пожеби 30 дена додека се формира комисијата.

Доколку амандманот на господинот Најдовски беше во рок од 30 дена од формирањето на комисијата, ќе беше прифатлив, а вака навистина нема време да се формира комисијата, а не да направи извештај.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Најдовски, сакате реплика или дебата.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Доколку предлагачот се согласува, може да биде и “од денот на формирање на анкетната комисија”.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не е така предложен амандманот и се плашам да не направиме хаос.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Без оглед на ова што го кажаа и Караџоски и Најдовски, без оглед како ќе го сметаме рокот, нужно е да имаме некој рок. Можеби рокот од 30 дена е прекраток, меѓутоа ако немаме рок оваа комисија ќе биде наредните години и ќе се претвори во една јалова работа.

Инаку, во принцип, доколку не заземе став за кои работи ќе формираме акетни комисии и како, на кој начин, ние можеме да се доведе како Собранието на Република Македонија во состојба на секоја пријава на некој си сведок да формираме анкетна комисија.

Инаку, како што кажа господинот Најдовски, само заради тоа да не се осети опозицијата повредена, и надгласана од мнозинството, ја прифаќаме. Лично сметам дека предлогот за формирање на анкетна комисија нема да даде никакви резултати иако во принцип за развој ан дмеократијата се добри и вакви ад кох анкетни комисии.

Меѓутоа, во конкретниот случај немаме за што. Ќе се доведеме во ситуација секј за некого да каже нешто, да сведочи и ние постојано да формираме анкетни комисии. Ова е добра прилика да се заземе еден политички став, во кој случај ќе формираме ад кох анкетни комисии.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Во име на пратеничката група на СДСМ и претходно сакав да укажам дека за нас би било прифатливо доколку амандманот гласеше во рок од 30 дена по формирањето на анкетната комисија.

Ако се согласува предлагачот, јас би побарала 10 минути пауза додека да се подготви нов амандман.

.-

Во овој случај би се довеле во ситуација кога во рок од 2 недели нема да можеме да ја формираме анкетната комисија и ќе останат само две недели рок за работа на анкетната комисија за да ги провери сите материјали што ќе и бидат доставени, што мислам дека е многу малку и нема да се постигне целта.

РОЗА ТОПУЗОВСКА-КАРОВСКА:

Во таа насока сакав да побарам 10 минути пауза за да го преформулираме амандманот на Слободан Најдовски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас го повикувам господинот Слободан Најдовски да го преформулира амандманот, а ние имаме и други амандмани и можеме да продолжиме со работа. Нема потреба од пауза за преформулирање на амандман поднесен од еден пратеник.

Имам впечаток дека предлагачот на одлуката не ја прифаќа ни таквата формулација, така што не сум убеден.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас кажав само предлог дискусија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман го сметам за повлечен, а нов ќе биде доставен.

Отворам претрес по амаднманот на насловот на Предлог на одлуката, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Меѓутоа, оној пред паузата што беше.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Тој го повлекувам господине претседателе. Писмено со другиот амандман е повлечен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на Предлогот на одлуката поднесен од пратеникот Жарко Караџоски. Овој е што е поднесен во 12,00 часот, новиот.

Го молам Жарко Караџоски да се произнесе по амандманот во својство не на подносител, туку во својство на предлагач, во името на сите 24.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Мислам сега дека овој амандман е усогласен со сите пратеници и мислам не би бил проблем. Го прифаќаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако е прифатен, тој станува составен дел на Предлог на одлуката.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски, доставен во паузата.

Господине Караџоски во име на предлагачите да се изјасните дали го прифаќате амандманот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Го прифаќаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот и тој станува составен дел на одлуката.

Сега уште амандманот на господин Најдовски.

Амандманот кој е поднесен од господинот Најдовски, за да не давам пауза бидејќи ќе ни одземе 30 минути за очукување и дистрибуција, господине Караџоски го имате ли оргиналот од Најдовски кај вас.

Еве јас со согласност со сите пратеници би прифатил усмено, зборот “основање” да се замени со зборот:”формирање”.Тоа е суштината на предлогот.

Во рок од 30 дена од донесување на Одлуката за формирање на Анкетната комисија.

Значи зборот “основање” се заменува со зборот “именување”.

Господине Караџоски дали се согласувате со амаднманот на Слободан Најдовски во кој зборот “основање” се менува со зборот “именување”.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе знам за што ме прашувате, меѓутоа, сепак стои една констатација дека сепак 30 дена се малку.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи не го прифаќате.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не го прифаќам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претресот веќе беше одржан.

Дали некој друг бара збор по амандманот.

.-

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ако може ваков амандман  да се наведе во одлуката за именување на комисија во тој дел.  Да не се случува сега да се создава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се работ за рокот по изборот.

Ве молам преминуваме на процедура на гласање на усмено изменетиот амаднман.

Ве молам да гласаме за амандманот.

Гласале 73 пратеници, 48 за, 3 воздржани и 22 против.

Констатирам дека амаднманот е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 77 пратеници. Сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на презентираните видео материјали и другите податоци од ВМРО-ДПМНЕ и на целокупните видео материјали, други податоци и службени документи од испрашувањето на Петрит Аме со кое располага Министерството за внатрешни работи.

Бидејќи дневниот ред на седницата е исцрпен ја заклучувам Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам за исклучителните напори овие десет работни дена и сакам да Ве известам за следното. Наредната седница ја закажав за 16 април. Замолен сум од пратеничките во Парламнтот 22 со оглед дека имаат некои активности,меѓутоа, во меѓувреме пратено ре Решението, на 17 ќе ја презакажам. Значи писмено ќе бидете дополнително известени. А од Владата сум известен дека во меѓувреме ќе бараат итна седница на Собранието која претпоставувам дека ќе биде некаде понеделник, вторник или среда во тие денови за избор на околу 150 обвинители, заменици, основни и виши, целиот овој пакет, со оглед дека на 27 март е истечен мандатот на обвинителите во Република Македонија и во моментот има вакум. На Владата вчера поминала првата фаза, значи очекувам во меѓувреме до 17 една седница за

.-

гласање по овинителите. Имајте предвид дека околу 150 именувања се во процедура и имаме поединечно гласање за секој поединечно.

Ви благодарам.

(Седницата заврши со работа во 12,35 часот).